Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 09.12.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 6313 | 1 | |

15:10

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје, бр.10-6239/1 од 06.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

**П Р Е Д Л О Г**
**за изрекување мерка**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје, бр.10-6239/1 од 06.12.2016 година, емитуван во периодот од 21 до 30 ноември 2016 година .

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) се: член 75 став 1 и став 2, член 75-а став 1 точка б и став 2 и член 75-б од Изборниот законик.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје, бр.10-6239/1 од 06.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се поведе прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена за прекршување на член 75 став 1 и став 2 и член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Привремената комисија за следење на медиумското преставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје, бр.10-6239/1 од 06.12.2016 година, емитуван во периодот од 21 до 30 ноември 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје, бр.10-6239/1 од 06.12.2016 година, за периодот од 21 до 30 ноември 2016 година, како и врз основа на непосредни дополнителни согледувања при анализа на одредени прилози емитувани во рамите на програмскиот сервис на радиодифузерот во истиот период, Привремената комисија констатираше дека при изборното медиумско претставување на правичен, избалансиран и на непристрасен начин, во услови кога е отпочната изборната кампања, постои квантитативна дисбалансираност меѓу главните политички ривали, согласно член 75 став 1 и став 2 и член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик.

Прекршокот е констатиран на детален и експликативен начин, и е изанализиран во Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) бр.10-6239/1 од 06.12.2016 година, во точка 6. „Констатации од надзорот“, за член 75 став 1 и став 2 и член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик.

Со почетокот на изборната кампања, во сила влегува принципот за утврдување на балансот во известувањето за активностите на учесниците во изборната кампања – според бројот на потврдени листи со кандидати за пратеници, и имајќи го предвид интензитетот на кампањата. Според потврдените кандидатски листи, коалициите предводени од партиите ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, потоа коалицијата ВМРО за Македонија и партијата ДУИ имаат предложено по седум кандидатски листи. Според Писмениот извештај за надзор над известувањето на ТВ Алсат – М, во графата Активности на учесници во изборна кампања и кандидати се гледа дека за коалициите предводени од ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, како и за

ДУИ е одвоен приближно еднаков временски период (од 12 до 15 минути), но исто толку се одвоени и за партијата ДПА, која има предложено само пет кандидатски листи. За коалицијата ВМРО за Македонија, пак, со седум кандидатски листи, се одвоени само една минута и 15 секунди. Односно, во проценти, ако за првите четири партии и коалиции биле одвоени од 16,4 до 20,6 проценти од вкупното време, за коалицијата ВМРО за Македонија се одвоени само 1,68 проценти. Ова е значителен дисбаланс во известувањето за партии со еднаков број поднесени кандидатски листи и за партијата ДПА која има помал број поднесени кандидатски листи.

Врз основа на претходно наведеното, Привремената комисија за следење на медиумското претставување констатираше дека постои прекршување по основ на член 75 став 1 и став 2 и член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик, а со оглед дека прекршокот е сторен за прв пат Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се поведе прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Слаѓана Димишкова ____________________
2. Љубомир Костовски ____________________
3. Цветин Чилиманов ____________________